FORMULA ZA USPEH

# TERAFLAT

**Малтер за израмнување на база на цемент и вар, кој содржи $CaCO_3$ и специјални адитиви.**

**Примена**: Се употребува за поправка и израмнување на стари ѕидови со изразени нерамнини. Производот може да се користи за репарирање на внатреши и надворешни површини.

**Основни карактеристики**: Материјалот е во форма на сив прав. Производот може да се нанесува на бетонска подлога,подлога од цементен или варово-цементен малтер или гипс-картонски плочи. Прави одлична врска со подлогата. Не ја загадува животната средина и е со висока “А1” класа на реакција на пожар. Има едноставна подготовка и апликација.

**Подготовка на подлога:** Подлогата за нанесување на TERAFLAT  треба да биде чиста,без прашина или мастни материи и ослободена од слабо врзани парчиња од малтер или лушпи. Може да се нанесува на сува или влажна подлога. Препорачуваме површината да се третира со примарен слој од SILOTER Podloga, кој е течен производ. Течноста SILOTER Podloga треба да се раствори во вода со однос 1:8 волуменски делови и истата се нанесува врз подлогата со четка или со соодветен ваљак.

**Нанесување:** TERAFLAT се подготвува со додавање на 7 литри вода на едно пакување од 25кг материјал. Вака подготвената маса се меша се до нејзино хомогенизирање, до маса со средна пластичност . Масата потоа се остава да одстои околу 5 минути и потоа повторно се меша до полна хомогенизација. Подготвената маса има време на обработливост од 4 часа. TERAFLAT се нанесува во слој од 5мм со мазна глетарка. Производот се нанесува при температура на околина од +5 до +35ºC.

**Потрошувачка**: За нанесување на TERAFLAT во слој со дебелина од 5мм потребни се 0.8кг/$m^2$ сува материја.

**Складирање:** TERAFLAT треба да се складира во оргиналното пакување на суво место.

**Рок на траење:** 12 месеци од датумот на производство, означен на пакувањето.

**Мерки на претпазливост:** Треба да се избегнува контакт на производот со кожата. Препорачена е употреба на ракавици. Ако дојде во допир со некој дел од кожата треба да се измие со ладна вода и сапун. Во случај на допир со очите

веднаш треба да се измие со многу вода. Ако се појави иритација треба да се побара медицинска помош.

**Чистење и фрлање**: Остатоците од TERAFLAT кои се свежи лесно се чистат со вода. По стврднувањето треба да се отстанат механички. Употребните празни вреќи треба да се исфрлат во согласност со локалните прописи за фрлање на ваков вид на отпад.

## Технички карактеристики:

- Производот е усогласен според стандардот MKS EN 998-1: 2013
-Опсег на јакост на притисок – класа CSI ( 0.4-2.5 N/mm²)
-Капиларна абсорпција на вода – $w_0$( не е специфицирано )